Genie®
A TEREX BRAND

Operator's Manual

Опсег на сериски броеви

GRC-12

од GRC11-1000

CE

Со
информации
за одржување

Превод на оригиналните
упатства
Third Edition
Third Printing
Part No. 133574MK

Важно

Прочитајте ги, разберете ги и следете ги безбедносните правила и упатствата за ракување пред да ракувате со машината. Со машината смеат да ракуваат само обучени и овластени лица. Прирачников треба да се смета за траен дел од машината и треба секогаш да е со машината. Ако имате прашања, обратете ни се.

Контактирајте со нас:

Интернет: www.genielift.com

E-пошта: awp.techpub@terex.com

Содржина

Вовед 1
Дефиниции на симболите и на сликите за опасностите 3
Општа безбедност 5
Лична безбедност 7
Безбедност на работното подрачје 8
Легенда 15
Контроли 16
Проверки 19
Упатства за ракување 32
Упатства за превоз и кревање 41
Одржување 46
Спецификации 48

Авторски права © 2008 Terex Corporation

Трето издание: Трето печатење, октомври 2014

Genie е регистрирана трговска марка на
Terex South Dakota, Inc. во САД и во многу други земји.
„GRC“ е трговска марка на Terex South Dakota, Inc.

CE Усогласено со директивата на ЕК 2006/42/ЕС
Видете декларација за усогласеност ЕС

Вовед

Сопственици, корисници и оператори:

Ви благодариме што ја избравте нашата машина за вашата работа. Наш приоритет е безбедноста на корисникот, што се постигнува најдобро со заеднички напори. Сметаме дека давате голем придонес кон безбедноста ако вие, како корисници на опремата и оператори:

1 **Ги почитувате** правилата на работодавачот и работното место и законите.

2 **Ги прочитате, ги разберете и ги следите** упатствата од овој и другите прирачници испорачани со машината.

3 **Користите добри безбедносни практики** на разумен начин.

4 **Имате само обучени/сертифицирани оператори**, поучени од информирани и вешти надзорници што работат со машината.



Опасност

Непочитување на упатствата и безбедносните правила од прирачников може да предизвика смрт или тешки повреди.

Не ракувајте ако не ги исполнувате следниве барања:

☑ Сте ги учеле и вежбале принципите за безбедно ракување со машината содржани во ова упатство.

1 Избегнувајте опасни ситуации.

Запознајте се со безбедносните правила и разберете ги пред да поминете на следниот дел.

2 Секогаш вршете проверка пред работата.

3 Секогаш вршете испитувања на функциите пред да ги користите.

4 Проверете го работното место.

5 Користете ја машината само за нејзината намена.

☑ Сте ги прочитале, разбрале и ги почитувате упатствата на производителот и безбедносните правила — безбедносните и упатствата за ракување и етикетите на машината.

☑ Сте ги прочитале, разбрале и ги почитувате безбедносните правила на работодавачот и прописите на работното место.

☑ Сте ги прочитале, разбрале и ги почитувате сите важечки законски прописи.

☑ Правилно сте обучен за безбедно ракување со машината.

Вовед

Класификација на опасностите

Етикетите на машината користат симболи, бои и сигнални зборови за да го идентификуваат следново:



Симбол за безбедносна тревога—се користи за предупредување за можни опасности од повреди. Почитувајте ги сите безбедносни пораки што се со овој симбол за да избегнете можни повреди или смрт.

⚠ ОПАСНОСТ Укажува на можна опасна ситуација што, ако не се избегне, ќе заврши со смрт или тешка повреда.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Укажува на можна опасна ситуација што, ако не се избегне, може да заврши со смрт или тешка повреда.

⚠ ВНИМАНИЕ Укажува на можна опасна ситуација што, ако не се избегне, може да заврши со помала или умерена повреда.

НАПОМЕНА Укажува на порака за оштетување имот.




Намена

Машината е наменета само за кревање персонал заедно со нивните алати и материјали на високо работно место.










Одржување на безбедносните знаци

Заменувајте ги безбедносните знаци што ги нема или се оштетени. Секогаш мислете на безбедноста на операторот. Користете благ раствор на сапуница за чистење на безбедносните знаци. Не користете раствори за чистење затоа што може да ги оштетат материјалите на безбедносните знаци.


Дефиниции на симболите и на сликите за опасностите

 Прочитајте го упатството за ракување	 Прочитајте го сервисниот прирачник	 Опасност од згмечување	 Забрането пушење	 Опасност од удар
 Опасност од удар	 Опасност од превртување	 Опасност од превртување	 Употребете парче картон или хартија за да побарате истекувања	 Опасност од струен удар
 Опасност од струен удар	 Опасност од експлозија	 Опасност од пожар	 Опасност од горење	 Опасност од навлегување во кожата
 Дијаграм за превоз	 Точка за врзување	 Подалеку од подвижните делови	 Поставете ја машината на рамно тло	 Акумулатори што се користат како противтегови


Дефиниции на симболите и на сликите за опасностите

 Одржувајте го потребното растојание	 Само обучени лица за одржување смеат да пристапуваат до преградите	 Ставете клинови под тркалата	 Отпуштете ги сопирачките	 Само заземјена наизменична струја со 3 жици
 Заменете ги оштетените жици и кабли	 Оптовареност на тркалата	 Точки за прицврстување јаже за активирање	 Странична сила	 Брзина на ветар
 Напонот на струјата до платформата	 Дозволен притисок од воздушна линија до платформата	 Максимален капацитет		 Во затворен простор
 Итно спуштање	 Максимален капацитет со присутните лица, алати и фиоката			


Општа безбедност



Страна на полначот на акумулаторот



Општа безбедност



Лична заштита од пад

Не е потребна опрема за лична заштита од пад (PFPE) при ракување со машинава. Ако е потребна PFPE според правилата на работното место или работодавачот, важи следново:

Сета PFPE треба да е усогласена со важечките законски прописи и мора да се провери и користи согласно со упатствата на производителот.

Безбедност на работното подрачје

⚠ Опасности од струен удар



Машинава не е електрично изолирана и не обезбедува заштита од допир или близина на електрична струја.



Одржувајте безбедно отстојание од електричните водови и апарати согласно важечките законски прописи и следнава табела.

Линиски напон	Потребно растојание
0 до 50 KV	3.05 m
50 до 200KV	4.60 m
200 до 350KV	6.10 m
350 до 500KV	7.62 m
500 до 750KV	10.67 m
750 до 1000KV	13.72 m

Оставете простор за движење на платформата, нишање или опуштање на електричните водови и чувајте се од силни ветрови или налети на ветар.

Бидете подалеку од машината ако е во допир со електрични водови под напон. Персоналот на тлото или во платформата не смее да ја допира или да работи со машината додека водовите под напон не се исклучат.

Не ракувајте со машината за време на грмотевици и бури.

Не користете ја машината како подлога за заварување.

⚠ Опасности од превртување

Присутните лица, опремата и материјалите не смеат да го надминат максималниот капацитет на платформата или на испустот на платформата. Тежината во фиоките е дел од вкупната оптовареност на платформата.

Максимален капацитет - GRC-12	
Вовлечена платформа	227 kg
Фиока на работната станица (секоја)	11 kg
Најголем број присутни лица	2



Не кревајте ја платформата ако машината не е на цврста, рамна површина.

Не потпирајте се на алармот за наваленост како показател на нивото. Алармот за наваленост се огласува кај контролите на платформата и контролите на тлото кога машината е на голема стрмнина.



Ако се огласи алармот за наваленост: Спуштете ја платформата. Поместете ја машината до цврста, рамна површина. Ако алармот за наваленост се огласи додека е крената платформата, спуштете ја крајно внимателно.

Не возете побрзо од 0,8 km/h со крената платформа.

Кога ја кревате платформата, внимавајте на ограничувањата за дозволена рачна сила и бројот на присутни лица на следната страница.

Безбедност на работното подрачје



Не ракувајте со машината при силни ветрови или налети на ветар. Не зголемувајте ја површината на платформата или на товарот. Зголемувањето на подрачјето изложено на ветар ќе ја намали стабилноста на машината.



Не возете ја машината блиску до или по нерамен терен, нестабилни површини и други опасни услови кога платформата е крената.

Бидете крајно внимателни и возете ја машината многу бавно кога е во складишна положба преку нерамен терен, шут, нестабилни или лизгави површини и близу до дупки и ендеци.

Не користете ја машината како кран.

Не туркајте ја машината или други предмети со платформата.

Не допирајте ги соседните структури со платформата.

Не врзувајте ја платформата за соседните структури.

Не ставајте товари надвор од периметарот на платформата. Фиоката на работната станица се смета за дел од платформата.

Не користете ги контролите на платформата за да ја ослободите ако е заглавена, приклештена или на друг начин спречена да се движи нормално од околните структури. Сиот персонал треба да се тргне од платформата пред да се обидете да ја ослободите платформата користејќи ги контролите на тлото.



Не оттурнувајте се и не влечете кон предмети надвор од платформата.

Модел	Максимална дозволена странична сила	Најголем број присутни лица
CE	400 N	Само во затворен простор - 2

Не менувајте ги и не исклучувајте ги прекинувачите за ограничување.

Не менувајте и не онеспособувајте компоненти на машината што влијаат на безбедноста и стабилноста.

Не заменувајте делови важни за стабилноста на машината со делови со различна тежина или спецификации.

Не користете акумулатори што се полесни од оригиналната опрема. Акумулаторите се користат како противтегови и се многу важни за стабилноста на машината. Секој акумулатор треба да тежи 28 kg.

Не преиначувајте ја и не менувајте ја работната плаформа без претходно писмено одобрение од производителот. Монтирањето додатоци за држење алати или други материјали на платформата, плочите за влечење или заштитната ограда може да ги зголеми тежината на платформата и површината на платформата, како и оптовареноста.

Безбедност на работното подрачје



Не ставајте и не закачувајте фиксни или висечки товари на некој дел на машината.

Не ставајте скали или скелиња во платформата и не потпирајте ги на машината.



Не превезувајте алати и материјали ако не се рамномерно распоредени и ако присутните на платформата не можат безбедно да ракуваат со нив.



Не користете ја машината на површина или возило што се движи.

Внимавајте сите гуми да се во добра состојба, крунестите завртки да се правилно затегнати и расцепените осигуровачи да се правилно ставени.

⚠ Опасност од згмечување

Држете ги рацете и удовите подалеку од столбот.

Не работете под платформата или столбот без кренат капак на акумулаторот.

Бидете разумни и планирајте кога ракувате со машината со контролер од тлото. Одржувајте безбедно растојание меѓу операторот, машината и фиксните предмети.

⚠ Опасности при работа на стрмнини

Не возете ја машината на стрмнина што е поголема од дозволената стрмна и странична наваленост на машината. Дозволената стрмна наваленост важи кога машината е во складишна положба.

Максимална дозволена стрмна наваленост, складишна положба	30% (17°)
Максимална дозволена странична наваленост, складишна положба	30% (17°)

Напомена: Дозволената стрмна наваленост зависи од условите на тлото и припиеноста.

Безбедност на работното подрачје

⚠ Опасности од пад

Заштитната ограда штити од падови. Ако лицата на платформата треба да носат заштитна опрема од падови (PFPE) поради правилата на работното место или на работодавачот, PFPE и нејзината употреба треба да е во согласност со упатствата на производителот на PFPE и важечките законски прописи. Закачете го јажето за активирање на котвата на платформата.

Одржувајте го подот на платформата чист.

Затворете ја портата за влегување пред да ракувате.




Не седете на заштитната ограда на платформата, не стојте и не качувајте се на неа. Секогаш стојте стабилно на подот на платформата.



Не спуштајте се од платформата кога е крената.

Не влегувајте и не излегувајте од платформата ако машината не е во складишна положба.

⚠ Опасности од удар



Внимавајте на намалената видливост и слепите точки кога возите или ракувате.

Бидете свесни за извлечената положба на платформата кога ја поместувате машината.

Машината мора да биде на рамна површина или прицврстена пред да се отпуштат сопирачките.

Операторите треба да ги почитуваат правилата на работодавачот, на градилиштето и законските одредби во врска со користењето лична заштитна опрема.



Проверете го работното подрачје дали има високи пречки или други можни опасности.



Внимавајте на опасности од згмечување кога ја фаќате заштитната ограда на платформата.

Безбедност на работното подрачје



Не спуштајте ја платформата ако подрачјето под неа не е без луѓе и пречки.



Ограничете ја брзината на движењето според условите на тлото, конфигурацијата, стрмнината, местоположбата на персоналот и други фактори што може да предизвикаат судир.

Не ракувајте со машината на патеката на кранови или машини што се движат над вас освен ако контролите на кранот се блокирани и/или се преземени мерки за спречување можни судири.

Не возете ризично и не играјте си додека ракувате со машината.

⚠ Опасност од телесна повреда

Не ракувајте со машина што испушта хидраулично масло или воздух. Испуштање воздух или хидраулично масло може да ја пробие и/или изгори кожата.

Неправилен контакт со компоненти под капак може да предизвика тешки повреди. Само обучени лица за одржување смеат да пристапуваат до преградите. Пристапот на операторот се препорачува само кога врши проверка пред ракувањето. Сите прегради треба да се затворени и обезбедени за време на ракувањето.

⚠ Опасност од експлозија и пожар

Не ракувајте со машината и не полнете го акумулаторот на опасни места или места каде што може да се присутни потенцијално запаливи или експлозивни гасови или честички.

Безбедност на работното подрачје

⚠ Опасности од оштетена машина

Не користете оштетена или неисправна машина.

Спроведете темелна проверка на машината пред работата и испитајте ги сите функции пред секоја работна смена. Веднаш означете и отстранете од употреба оштетена или неисправна машина.

Внимавајте одржувањето да е извршено како што е определено во овој прирачник и во соодветниот сервисен прирачник на Genie.

Проверете дали сите етикети се на место и читливи.

Проверете дали прирачниците за употреба, безбедност и одговорност се целосни, читливи и во нивната преграда на машината.

⚠ Опасности од оштетување на компонентите

Не користете полнач за акумулатори посилен од 24V за полнење на акумулаторите.

Не користете ја машината како подлога за заварување.

⚠ Безбедност на акумулаторот

Опасности од изгореници




Акумулаторите содржат киселина. Секогаш носете заштитна облека и заштита за очите кога работите со акумулатори.

Избегнувајте истурање или контакт со киселината од акумулаторите. Неутрализирајте ја истурената киселина со сода бикарбона и вода.

Не изложувајте ги акумулаторите или полначот на вода или дожд при полнење.

Опасности од експлозија







Не смее да има искри, отворен оган и запален тутун во близина на акумулаторите. Акумулаторите испуштаат експлозивен гас.

Фиоката за акумулаторите треба да биде отворена за време на целото полнење.

Не допирајте ги половите на акумулаторот и клемите на каблите со алатки што можат да предизвикаат искри.

Опасност од оштетување на компонентите

Не користете полнач за акумулатори посилен од 24V за полнење на акумулаторите.

Не користете ја машината како подлога за заварување.

Безбедност на работното подрачје

Опасности од струен удар/изгореници



Полначот на акумулаторите треба да се приклучува само со заземјен трижичен приклучок за наизменична струја.

Секојдневно проверувајте ги жиците и каблите да не се оштетени. Заменувајте ги оштетените работи пред да ракувате.

Избегнувајте струен удар од допир со терминалите на акумулаторот. Извадете ги сите прстени, часовници и друг накит.

Опасност од превртување

Не користете акумулатори што се полесни од оригиналната опрема. Акумулаторите се користат како противтегови и се многу важни за стабилноста на машината. Секој акумулатор треба да тежи 28 kg.

Опасност при кревање

Користете соодветен број луѓе и правилни техники за кревање кога кревате акумулатори.

Заклучете по секоја употреба


1 Изберете безбедно место за паркирање — цврста рамна површина без пречки и сообраќај.

2 Спуштете ја платформата.

3 Свртете го прекинувачот со клуч во положбата „исклучено“ и извадете го клучот за да спречите неовластена употреба.


4 Наполнете ги акумулаторите.

Легенда



1 Штитник од дупки
2 Фиксно тркало
3 Отвори за вилушкар
4 Алка за врзување за превоз
5 Вентил за итно спуштање
6 Капаци
7 Екран на полначот на акумулаторот
8 Контроли од тлото
9 Показател за нивото на хидрауличното масло
10 Приклучок за струја до платформата/полнач на акумулаторот за опционален инвертор
11 Излез за GFCI
12 Фиока на работната станица
13 Копче за пумпање на отпуштањето на сопирачките (под капаците)
14 Контроли на платформата
15 Рачка за отпуштање на испустот на платформата
16 Столб
17 Влез за испустот на платформата
18 Капаци на преградата за акумулаторот
19 Резе на капакот на акумулаторот
20 Управувачко тркало
21 Рачен складишен простор
22 Точки за прицврстување јаже за активирање

Контроли



Контролна плоча на тлото

1 Електричен осигурувач од 7A

2 Црвено копче за итно сопирање
Притиснете го црвеното копче за итно сопирање во положба „исклучено“ за да ги сопрете сите функции. Извлечете го црвеното копче за итно сопирање во положба „вклучено“ за да ракувате со машината.

3 Копче за надолу во изборник

4 Копче за внесување во изборник

5 Копче за платформата нагоре

6 Копче за платформата надолу

7 Копче за вклучување на кревањето
Притиснете го и држете го копчево за да се активира функцијата за кревање.


8 Копче за излегување од изборник

9 Копче за нагоре во изборник

10 Дијагностички LCD-екран

11 Прекинувач со клуч за бирање платформа/исклучување/тло
Свртете го прекинувачот со клуч во положбата „платформа“ и контролите на платформата ќе работат. Свртете го прекинувачот со клуч во положбата „исклучено“ и машината ќе биде исклучена. Свртете го прекинувачот со клуч во положбата „тло“ и контролите на тлото ќе работат.

Контроли



Контролна плоча на платформата

1 Копче за вклучување бавно кревање

Притиснете го и држете го копчево за да се активира функцијата бавна платформа.



2 Црвено копче за итно сопирање

Притиснете го црвеното копче за итно сопирање во положба „исклучено“ за да ги сопрете сите функции. Извлечете го црвеното копче за итно сопирање во положба „вклучено“ за да ракувате со машината.

3 Копче за вклучување брзо кревање

Притиснете го и држете го копчево за да се активира функцијата брза платформа.



4 Копче за сирена

Притиснете го копчето за сирената и сирената ќе се огласи. Отпуштете го копчето за сирената и сирената ќе се исклучи.



5 Копче за бирање брзина на возењето

Притиснете го копчево за да ја активирате функцијата бавно возење. Показното светло свети кога е избрано бавно возење.



6 Пропорционална контролна рачка и прекинувач за вклучување на функцијата за возење

Функција за возење: Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата за возење на контролната рачка на платформата. Поместете ја контролната рачка во насоката покажана од сината стрелка на контролната плоча и машината ќе почне да се движи во насоката покажана од сината стрелка. Поместете ја контролната рачка во насоката покажана од жолтата стрелка на контролната плоча и машината ќе почне да се движи во насоката покажана од жолтата стрелка.

Контроли

7 Преклопник за управување

Притиснете ја левата страна на преклопникот и машината ќе врти во насоката во којашто покажува синиот триаголник на контролната плоча на платформата.



Притиснете ја десната страна на преклопникот и машината ќе врти во насоката во којашто покажува жолтиот триаголник на контролната плоча на платформата.



8 Дијагностички LED-екран / показател за наполнетоста на акумулаторот.

9 Копче за платформата нагоре

Притиснете го и држете го копчето „платформа нагоре“ и платформата ќе се крене.




10 Копче за платформата надолу

Притиснете го и држете го копчето „платформа надолу“ и платформата ќе се спушти.



11 Копче за функцијата за кревање

Притиснете го копчево за да се активира функцијата за кревање.



12 Пропорционална контролна рачка и прекинувач за вклучување на функциите за возење, управување и кревање


Функција за кревање: Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата за кревање на контролната рачка на платформата. Поместете ја контролната рачка во насоката покажана од сината стрелка и платформата ќе се крене. Поместете ја контролната рачка во насоката покажана од жолтата стрелка и платформата ќе се спушти. Алармот за спуштање треба да се огласи додека се спушта платформата.

Функција за возење: Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата за возење на контролната рачка на платформата. Поместете ја контролната рачка во насоката покажана од сината стрелка на контролната плоча и машината ќе почне да се движи во насоката покажана од сината стрелка. Поместете ја контролната рачка во насоката покажана од жолтата стрелка на контролната плоча и машината ќе почне да се движи во насоката покажана од жолтата стрелка.

13 Дијагностички LED-екран, показател за наполнетоста на акумулаторот и показател за режимот за кревање/возење.

14 Копче за функцијата за возење

Притиснете го копчево за да се активира функцијата за возење.



Проверки



Не ракувајте ако не ги исполнувате следниве барања:

☑ Сте ги учеле и вежбале принципите за безбедно ракување со машината содржани во ова упатство.

1 Избегнувајте опасни ситуации.

2 Секогаш вршете проверка пред работата.

Запознајте се со проверката пред работа и разберете ја пред да поминете на следниот дел.

3 Секогаш вршете испитувања на функциите пред да ги користите.

4 Проверете го работното место.

5 Користете ја машината само за нејзината намена.

Основи на проверките пред ракување

Операторот е должен да ги врши проверката пред ракување и рутинското одржување.

Проверката пред ракување е визуелна проверка што ја врши операторот пред секоја работна смена. Проверката е обмислена да се открие дали нешто е очигледно неисправно на машината пред операторот да ги изврши испитувањата на функциите.

Проверката пред ракување служи и за одредување на потребните рутински постапки за одржување. Операторот може да ги врши само рутинските одржувања наведени во прирачников.

Видете ја листата на следната страница и проверете ги сите ставки.

Ако се открие оштетување или неовластена разлика од фабрички испорачаната состојба, машината треба да се означи и да се отстрани од употреба.

Поправките на машината смеат да ја вршат само квалификувани сервисери, согласно спецификациите на производителот. Откако ќе завршат поправките, операторот треба повторно да изврши проверка пред ракување пред да прејде на испитувањата на функциите.

Распоредените проверки за одржување ги вршат квалификувани сервисери согласно спецификациите на производителот и барањата наведени во прирачникот за одговорности.

Проверки

Проверка пред ракување

- ❑ Проверете дали прирачниците за употреба, безбедност и одговорност се целосни, читливи и во преградата за нив во платформата.
- ❑ Проверете дали сите етикети се читливи и на место. Видете во делот Проверки.
- ❑ Проверете да не истекува хидраулично масло и дали нивото на маслото е правилно. Додајте масло ако е потребно. Видете во делот Одржување.
- ❑ Проверете да не истекува течност од акумулаторите и дали нивото на течноста е правилно. Додајте дестилирана вода ако е потребно. Видете во делот Одржување.

Проверете ги следниве компоненти да немаат оштетени површини, неправилно инсталирани или делови што недостигаат и неодобрени измени:

- ❑ Електричните компоненти, ожичувањето и електричните кабли
- ❑ Хидрауличниот уред, резервоарот, цревата, спојките, цилиндрите и разводните гранки
- ❑ Акумулаторот и поврзувањата
- ❑ Моторите за возење
- ❑ Гумите и тркалата
- ❑ Лентата за заземјување
- ❑ Прекинувачите за ограничување, алармите и сирената
- ❑ Алармите и светлинските сигнали (ако ги има)
- ❑ Завртките, навртките и другите прицврстувачи
- ❑ Средишна пречка за влегување на платформата, синџир или порта
- ❑ Кабли во низа и макари
- ❑ Штитниците од дупки
- ❑ Точки за прицврстување јаже за активирање
- ❑ Испуст на платформата (ако има)
- ❑ Работни фиоки (ако има)
- ❑ Компонентите за отпуштање на сопирачките
- ❑ Капак на акумулаторот
- ❑ Држачи на столбот и противтег
- ❑ Контролната палка на платформата

Проверете ја целата машина дали има:

- ❑ Пукнатини на варовите или структурните компоненти
- ❑ Вдлабнатини или оштетувања на машината
- ❑ Прекумерна ’рѓосаност, корозија или оксидација

- ❑ Проверете дали сите структурни и други важни компоненти се на место и сите соодветни прицврстувачи и осигурувачи се на место и правилно затегнати.

Напомена: Ако платформата треба да се крене за да се провери машината, внимавајте капакот на акумулаторот да е на место. Видете во делот Упатства за ракување.

Проверки



Не ракувајте ако не ги исполнувате следниве барања:

☑ Сте ги учеле и вежбале принципите за безбедно ракување со машината содржани во ова упатство.

1 Избегнувајте опасни ситуации.

2 Секогаш вршете проверка пред работата.

3 Секогаш вршете испитувања на функциите пред да ги користите.

Запознајте се со испитувањата на функциите и разберете ги пред да поминете на следниот дел.

4 Проверете го работното место.

5 Користете ја машината само за нејзината намена.

Основи на испитувањето на функциите

Испитувањата на функциите се обмислени за да се откријат евентуалните дефекти пред да се работи со машината. Операторот треба да ги следи упатствата чекор по чекор за да ги испита сите функции на машината.

Не смее да се користи неисправна машина. Ако се открие дефект, машината треба да се означи и да се отстрани од употреба. Поправките на машината смеат да ја вршат само квалификувани сервисери, согласно спецификациите на производителот.

Откако ќе завршат поправките, операторот треба повторно да изврши проверка пред ракување и испитувања на функциите пред да се користи машината.

Проверки

На контролите на тлото

1 Изберете подрачје за испитување што е цврсто, рамно и без пречки.

2 Внимавајте акумулаторите да се поврзани.

3 Извлечете ги црвените копчиња за итно сопирање на тлото и на платформата во положбата „вклучено“.

4 Свртете го прекинувачот со клуч на контрола од тлото.

5 Проверете ја состојбата на дијагностичкиот LED-екран на контролите на платформата.

⊙ Резултат: LED-екранот треба да изгледа како на сликата подолу.



6 Проверете ја состојбата на дијагностичкиот LCD-екран на контролите на тлото.

⊙ Резултат: на LCD-екранот треба да се прикажани моделот и бројачот на часови.



Испитајте го итното сопирање

7 Притиснете го црвеното копче за итно сопирање на тлото во положба „исклучено“.

⊙ Резултат: ниедна функција не треба да работи.

8 Извлечете го црвеното копче за итно сопирање во положба „вклучено“.

Испитајте ги функциите за нагоре/надолу

Звучните предупредувања на машината и стандардната сирена се поврзани со централниот аларм. Сирената е постојан тон. Алармот за спуштање се огласува со 60 писоци во минута. Алармот се огласува со 180 писоци во минута кога штитниците од дупки не се активирани и кога машината не е рамна. Достапна е и опционална автомобилска сирена.

9 Не притискајте го копчето за вклучување на функцијата за кревање.

10 Притиснете го копчето „платформа нагоре“ или „платформа надолу“.

⊙ Резултат: функцијата за кревање не треба да работи.

11 Не притискајте го копчето „платформа нагоре“ или „платформа надолу“.

12 Притиснете го копчето за вклучување на функцијата за кревање.

⊙ Резултат: функцијата за кревање не треба да работи.

13 Притиснете го и држете го копчето за вклучување на функцијата за кревање и притиснете го копчето „платформа нагоре“.

⊙ Резултат: платформата треба да се крене.

14 Притиснете го и држете го копчето за вклучување на функцијата за кревање и притиснете го копчето „платформа надолу“.

⊙ Резултат: платформата треба да се спушти. Алармот за спуштање треба да се огласи додека се спушта платформата.

Испитајте го итното спуштање

15 Активирајте ја функцијата за нагоре притискајќи го копчето за вклучување на кревањето и копчето „платформа нагоре“, па кренете ја платформата околу 60 cm.

16 Повлечете го копчето за итно спуштање што се наоѓа во основата на машината, под столбот.

⊙ Резултат: платформата треба да се спушти. Алармот за спуштање нема да се огласи.

17 Свртете го прекинувачот со клуч на контрола од платформата.

На контролите на платформата

Испитајте го итното сопирање

18 Притиснете го црвеното копче за итно сопирање на платформата во положба „исклучено“.

⊙ Резултат: ниедна функција не треба да работи.

Испитајте ја сирената

19 Извлечете го црвеното копче за итно сопирање во положба „вклучено“.

20 Притиснете го копчето за сирена.

⊙ Резултат: сирената треба да се огласи.

Користете го распоредот на копчињата на контролите на платформата за да одредите кое од следниве две испитувања на функциите треба да се изврши.

Користете ја оваа постапка за испитување на функциите ако етикетата на вашите контроли на платформата ги има овие копчиња.



Испитајте го прекинувачот за вклучување на функцијата и функциите за нагоре/надолу

21 Не држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка.

22 Полека движете ја контролната рачка во насоката покажана од сината стрелка, а потоа во насоката покажана од жолтата стрелка.

⊙ Резултат: ниедна функција не треба да работи.

23 Не притискајте го копчето за вклучување брзо или бавно кревање.

24 Притиснете го копчето „платформа нагоре“ или „платформа надолу“.

⊙ Резултат: функцијата за кревање не треба да работи.

25 Не притискајте го копчето „платформа нагоре“ или „платформа надолу“.

Проверки

26 Притиснете го копчето за вклучување брзо или бавно кревање.

⊙ Резултат: функцијата за кревање не треба да работи.

27 Притиснете го и држете го копчето за вклучување брзо кревање.

28 Притиснете го копчето „платформа нагоре“.

⊙ Резултат: платформата треба да се крене. Штитниците од дупки треба да се активираат.

29 Отпуштете го копчето за вклучување брзо кревање или копчето „платформа нагоре“.

⊙ Резултат: платформата треба да престане да се крева.

30 Притиснете го и држете го копчето за вклучување брзо кревање.

31 Притиснете го копчето „платформа надолу“.

⊙ Резултат: платформата треба да се спушти. Алармот за спуштање треба да се огласи додека се спушта платформата.

32 Отпуштете го копчето за вклучување брзо кревање или копчето „платформа надолу“.

⊙ Резултат: платформата треба да престане да се спушта.

33 Притиснете го и држете го копчето за вклучување бавно кревање.

34 Притиснете го копчето „платформа нагоре“.

⊙ Резултат: платформата треба да се крене. Штитниците од дупки треба да се активираат.

35 Отпуштете го копчето за вклучување бавно кревање или копчето „платформа нагоре“.

⊙ Резултат: платформата треба да престане да се крева.

36 Притиснете го и држете го копчето за вклучување бавно кревање.

37 Притиснете го копчето „платформа надолу“.

⊙ Резултат: платформата треба да се спушти со истата брзина како големата брзина. Алармот за спуштање треба да се огласи додека се спушта платформата.

38 Отпуштете го копчето за вклучување бавно кревање или копчето „платформа надолу“.

⊙ Резултат: платформата треба да престане да се спушта.

Користете ја оваа постапка за испитување на функциите ако етикетата на вашите контроли на платформата ги има овие копчиња.



Испитајте го прекинувачот за вклучување на функцијата и функциите за нагоре/надолу

39 Не држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка.

40 Полека движете ја контролната рачка во насоката покажана од сината стрелка, а потоа во насоката покажана од жолтата стрелка.

⊙ Резултат: ниедна функција не треба да работи.

41 Притиснете го копчето за функцијата за кревање.

42 Почекајте седум секунди да се исклучи функцијата за кревање.

43 Полека движете ја контролната рачка во насоката покажана од сината стрелка, а потоа во насоката покажана од жолтата стрелка.

⊙ Резултат: функцијата за кревање не треба да работи.

44 Притиснете го копчето за функцијата за кревање.

45 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка. Полека поместете ја контролната рачка во насоката покажана од сината стрелка.

⊙ Резултат: платформата треба да се крене.

46 Отпуштете ја контролната рачка.

⊙ Резултат: платформата треба да престане да се крева.

47 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка. Полека поместете ја контролната рачка во насоката покажана од жолтата стрелка.

⊙ Резултат: платформата треба да се спушти. Алармот за спуштање треба да се огласи додека се спушта платформата.

Испитајте го копчето за функцијата за возење

Користете ја оваа постапка за испитување на функциите ако етикетата на вашите контроли на платформата ги има овие копчиња.



48 Притиснете го копчето за функцијата возење (ако има).



49 Почекајте седум секунди да се исклучи функцијата за возење.

50 Полека движете ја контролната рачка во насоката покажана од сината стрелка, а потоа во насоката покажана од жолтата стрелка.

⊙ Резултат: ниедна функција не треба да работи.

Проверки

Испитајте го управувањето

Напомена: Кога ги испитувате функциите за управување и возење, стојте на платформата свртени кон управуваниот крај на машината.

51 Притиснете го копчето за функцијата возење (ако има).



52 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка.

53 Притиснете го преклопникот на горниот дел на контролната рачка во насоката прикажана од синиот триаголник на контролната плоча.

⊙ Резултат: управувачките тркала треба да се свртат во насоката покажана од синиот триаголник.

54 Притиснете го преклопникот на горниот дел на контролната рачка во насоката прикажана од жолтиот триаголник на контролната плоча.

⊙ Резултат: управувачките тркала треба да се свртат во насоката покажана од жолтиот триаголник.

Испитајте ги возењето и сопирачките

55 Притиснете го копчето за функцијата возење (ако има).



56 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка.

57 Полека поместете ја контролната рачка во насоката покажана од сината стрелка на контролната плоча додека машината не почне да се движи, потоа вратете ја контролната рачка во средишната положба.

⊙ Резултат: машината треба да се движи во насоката што ја покажува сината стрелка на контролната плоча, а потоа да сопре наеднаш кога контролната рачка ќе се врати во средишна положба.

58 Полека поместете ја контролната рачка во насоката покажана од жолтата стрелка на контролната плоча додека машината не почне да се движи, потоа вратете ја контролната рачка во средишната положба.

⊙ Резултат: машината треба да се движи во насоката што ја покажува жолтата стрелка на контролната плоча, а потоа да сопре наеднаш кога контролната рачка ќе се врати во средишна положба.

Напомена: Сопирачките треба да ја држат машината на секоја стрмнина што може да ја искачи.

Проверки

Испитајте ја работата на сензорот за наваленост

Напомена: Извршете го ова испитување од тлото со контролерот на платформата. Не стојте на платформата.

59 Спуштете ја платформата целосно.

60 Ставете штица 2x4 или слично парче дрво под двете тркала од една страна и довезете ја машината врз нив.

61 Кренете ја платформата околу 2,1 m од тлото.

⊙ Резултат: платформата треба да застане и алармот за навалување да се огласува со 180 писоци во минута. LED-екранот на контролите на платформата треба да прикажува LL, а LCD-екранот на контролите на тлото LL: Machine Tilted (Машината е навалена).

62 Притиснете го копчето за функцијата возење (ако има). 

63 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка.

64 Поместете ја контролната рачка во насоката покажана од сината стрелка, а потоа во насоката покажана од жолтата стрелка.

⊙ Резултат: функцијата за возење треба да не работи во двете насоки.

65 Спуштете ја платформата и тргнете ги двете парчиња дрво.

Испитајте ја брзината на возењето при подигнатост

66 Кренете ја платформата околу 1.2 m од тлото.

67 Притиснете го копчето за функцијата возење (ако има). 

68 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка.Полека поместете ја контролната рачка во целосна положба за возење.

⊙ Резултат: максималната брзина на возење со кренатa платформа не треба да надмине 22 cm/s.

Ако брзината на возење со кренатa платформа надмине 22 cm/s, веднаш означете ја и отстранете ја машината од употреба.

Проверки

Испитајте ги штитниците од дупки

Напомена: Штитниците од дупки треба да се активираат автоматски кога е крената платформата. Штитниците од дупки активираат прекинувачи за ограничување што овозможуваат машината да продолжи да работи. Ако штитниците од дупки не се активираат, се огласува аларм и со машината нема да може да се вози или да се управува.

69 Кренете ја платформата.

⊙ Резултат: кога платформата ќе се крене 1,2 m од тлото, штитниците од дупки треба да се активираат.

70 Притиснете ги штитниците од дупки од едната страна, а потоа од другата.

⊙ Резултат: штитниците од дупки треба да не се поместат.

71 Спуштете ја платформата.

⊙ Резултат: штитниците од дупки треба да се вратат во складишната положба.

72 Ставете штица 2x4 или слично парче дрво под штитник од дупки.

73 Кренете ја платформата.

⊙ Резултат: пред платформата да се крене 2,1 m од тлото, треба да се огласи аларм. LED-екранот на контролите на платформата треба да прикажува PHS, а LCD-екранот на контролите на тлото PHS: Pothole Guard Stuck (Штитник од дупки е заглавен).

74 Притиснете го копчето за функцијата возење (ако има).



75 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка.

76 Полека движете ја контролната рачка во насоката покажана од сината стрелка, а потоа во насоката покажана од жолтата стрелка.

⊙ Резултат: машината не треба да се движи напред или назад.

77 Притиснете го копчето за функцијата возење (ако има).



78 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка.

79 Притиснете го преклопникот на горниот дел на контролната рачка во насоката прикажана од синиот или жолтиот триаголник на контролната плоча.

⊙ Резултат: управувачките тркала не треба да се вртат лево или десно.

80 Спуштете ја платформата.

81 Извадете ја штицата 2x4 или сличното парче дрво.

Проверки



Не ракувајте ако не ги исполнувате следниве барања:

☑ Сте ги учеле и вежбале принципите за безбедно ракување со машината содржани во ова упатство.

1 Избегнувајте опасни ситуации.

2 Секогаш вршете проверка пред работата.

3 Секогаш вршете испитувања на функциите пред да ги користите.

4 Проверете го работното место.

Запознајте се со работното место и разберете го пред да поминете на следниот дел.

5 Користете ја машината само за нејзината намена.

Основи на проверката на работното место

Проверката на работното место помага операторот да утврди дали работното место е погодно за безбедно ракување со машината. Треба да ја изврши операторот пред да ја доведе машината на работното место.

Операторот е должен да ги прочита и запомни опасностите на работното место, па да внимава на нив и да ги избегнува додека ја движи, поставува и работи со машината.

Листа за проверка на работното место

Внимавајте и избегнувајте ги следниве опасни ситуации:

- ❑ ендеци или дупки
- ❑ тумби, пречки на подот или шут
- ❑ стрмни површини
- ❑ нестабилни или лизгави површини
- ❑ високи пречки и високонапонски водови
- ❑ опасни места
- ❑ несоодветни површини да ги издржат сите оптоварувања од машината
- ❑ временски и ветровити услови
- ❑ присуство на неовластен персонал
- ❑ други можни небезбедни услови


Проверки


Проверки за етикетите со симболи


Одредете дали етикетите на машината имаат зборови или симболи. Користете соодветна проверка за да проверите дали сите етикети се читливи и на место.


Дел бр.	Опис на етикетата	Парчиња
28174	Ознака – Струја за платформа, 230V	2
28235	Ознака – Струја за платформа, 115V	2
40434	Ознака – Точка за прицврстување јаже за активирање	2
43658	Ознака – Струја за полнач, 230V	1
44980	Ознака – Струја за полнач, 115V	1
52475	Ознака – Алка за врзување за превоз	3
72086	Ознака – Точка за кревање	1
72188	Ознака – Стрели за насока	2
82472	Ознака – Опасност од згмечување	2
82473	Ознака – Пристап за преграда	1
82481	Ознака – Безбедност за акумулатор/полнач	1
82487	Ознака – Прочитајте го прирачникот	2
82495	Ознака – Безбедносни и упатства за ракување со отпуштањето сопирачка	1
82614	Предупредување – Опасност од удар	1
82666	Ознака – Отвор за кревање со вилушкар	2
82836	Ознака – Итно спуштање	1
97899	Ознака – Користете безбедносен сауг	1
114334	Ознака – Опасност од струен удар, Приклучок	1
114338	Ознака – Опасност од превртување, Аларм за наваленост	1
133015	Опасност – Опасност од струен удар	1
133144	Ознака – Дијаграм за превоз	2
133146	Опасност – Опасност од превртување, Акумулатори	1
133147	Ознака – Опасност од превртување, Прекинувач за ограничување	1
133194	Ознака – Оптовареност на тркалата, GRC-12	4
133195	Украсна – Genie GRC-12	2
133198	Упатства – Макс. капацитет 227 kg, GRC-12	1
133237	Украсна – Genie Runabout Contractor	2
133274	Ознака – Макс. рачна сила, 400N, CE	1
133280	Ознака – Максимален капацитет, Фиока на работната станица, 11 kg (секоја)	2
137605	Ознака – Итно сопирање, Контрола на платформата	1
137635	Ознака – Контролна плоча на тлото	1
137636	Налепница – Контролна плоча на платформата	1
137656	Ознака – Насока на возење/управување, Контрола на платформата	1
1256702	Налепница – Контролна плоча на платформата	1
1257923	Ознака – Smartlink	2

Проверки


133280
72188
28235
или 28174
82472
82473
133015
133237
133147
82614
82481
82495
82666
133194
133195
133194
133146
97899
52475
1257923
133144


82487
133198
133273
114338
40434


137636
или 1256702
137605
72086
Налепница
со податоци
137635
114334
44980
или 43658
Genie
52475
133144
82836
52475


137656
1257923
82472
28235
или 28174
82487
133237
82666
133194
133194
133195

Упатства за ракување



Не ракувајте ако не ги исполнувате следниве барања:

☑ Сте ги учеле и вежбале принципите за безбедно ракување со машината содржани во ова упатство.

1 Избегнувајте опасни ситуации.

2 Секогаш вршете проверка пред работата.

3 Секогаш вршете испитувања на функциите пред да ги користите.

4 Проверете го работното место.

5 Користете ја машината само за нејзината намена.

Основи

Делот Упатства за ракување содржи упатства за секој аспект на ракувањето со машината. Операторот е должен да ги почитува сите безбедносни правила и упатства од прирачниците за употреба, безбедност и одговорност.

Користењето на машината за други намени освен кревање персонал со алатите и материјалите до високо работно место е небезбедно и опасно.

Со машината треба да ракуваат само обучени и овластени лица. Ако машината треба да ја користат повеќе оператори во различно време во иста смена, сите треба да се квалификувани оператори и од сите се очекува да ги почитуваат сите безбедносни правила и упатства во прирачниците за употреба, безбедност и одговорност. Тоа значи дека секој оператор треба да изврши проверка пред ракувањето, испитувања на функциите и проверка на работното место пред да ја користи машината.

Упатства за ракување

Итно сопирање

Притиснете го црвеното копче за итно сопирање во положба „исклучено“ на контролите на тлото или на контролите на платформата за да ги сопрете сите функции.

Поправете ги функциите што работат кога некое од црвените копчиња за итно сопирање е притиснато.

Итно спуштање

Повлечете го копчето за итно спуштање за да ја спуштите платформата.



Ракување од тло

1 Проверете дали акумулаторите се поврзани пред да ракувате со машината.

2 Свртете го прекинувачот со клуч на контрола од тлото.

3 Извлечете ги црвените копчиња за итно сопирање на тлото и на платформата во положбата „вклучено“.

За да ја поставите платформата

1 На контролната плоча притиснете го и држете го копчето за вклучување на функцијата за кревање.

2 Притиснете го копчето „платформа нагоре“ или „платформа надолу“.

Функциите за возење и управување не се достапни од контролите на тлото.

Ракување од платформа

1 Проверете дали акумулаторите се поврзани пред да ракувате со машината.


2 Свртете го прекинувачот со клуч на контрола од платформата.

3 Извлечете ги црвените копчиња за итно сопирање на тлото и на платформата во положбата „вклучено“.

Идентификација на контролерите

Машините се произведени со два различни стила на контролите на платформата. Користете го распоредот на копчињата на контролите на платформата за да одредите кои упатства важат за вашата машина.

Користете ги овие упатства ако етикетата на вашите контроли на платформата ги има овие копчиња.



За да ја поставите платформата

1 Притиснете го и држете го копчето за вклучување брзо или бавно кревање.



2 Притиснете го копчето „платформа нагоре“ или „платформа надолу“.



Упатства за ракување

За да управувате

1 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување возење/управување на контролната рачка.

2 Вртете ги управувачките тркала со преклопникот што е од горната страна на контролната рачка.



За да возите

1 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување возење/управување на контролната рачка.

2 Зголемување брзина: Полека поместувајте ја контролната рачка од центарот.

Намалување брзина: Полека поместувајте ја контролната рачка кон центарот.

Сопирање: Вратете ја контролната рачка на средина или отпуштете го прекинувачот за вклучување на функцијата.

Користете ги обоените стрелки за насока на контролите на платформата и на платформата за да ја одредите насоката во којашто ќе се движи машината.

Брзината на движење на машината е ограничена кога е крената платформата.

Состојбата на акумулаторот влијае врз перформансите на машината. Брзината на возење на машината и брзината на функциите ќе опаднат кога трепка индикаторот за нивото на акумулаторот.

За да изберете брзина на возење

Контролите за возење можат да работат во два режима за брзина на возење кога машината е во складишна положба. Кога свети светлото на брзината на возењето, активен е режимот бавно возење. Кога не свети светлото на брзината на возењето, активен е режимот брзо возење.

Притиснете го копчето за брзина на возењето за да ја изберете саканата брзина.




Напомена: Кога платформата е крената, светлото на копчето за брзина на возењето секогаш свети, што укажува на брзина на возењето при подигнатост.

Упатства за ракување

Идентификација на контролерите

Користете ги овие упатства ако етикетата на вашите контроли на платформата ги има овие копчиња.



За да ја поставите платформата

1 Притиснете го копчето за функцијата за кревање. На LCD-екранот ќе се запали круг под симболот за функцијата за кревање.



Ако контролната рачка не се помести седум секунди по притискањето на копчето за функцијата кревање, кругот под симболот за функцијата кревање ќе се изгаси и функцијата за кревање нема да работи. Притиснете го копчето за функцијата кревање повторно.

2 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка.

3 Поместете ја контролната рачка согласно ознаките на контролната плоча.

За да управувате

1 Притиснете го копчето за функцијата возење. На LCD-екранот ќе се запали круг под симболот за функцијата возење.

Ако контролната рачка не се помести седум секунди по притискањето на копчето за функцијата возење, кругот под симболот за функцијата возење ќе се изгаси и функцијата возење нема да работи. Притиснете го копчето за функцијата возење повторно.

2 Вртете ги управувачките тркала со преклопникот што е од горната страна на контролната рачка.



За да возите

1 Притиснете го копчето за функцијата возење. На LCD-екранот ќе се запали круг под симболот за функцијата возење.

Ако контролната рачка не се помести седум секунди по притискањето на копчето за функцијата возење, кругот под симболот за функцијата возење ќе се изгаси и функцијата возење нема да работи. Притиснете го копчето за функцијата возење повторно.

2 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка.

3 Зголемување брзина: Полека поместувајте ја контролната рачка од центарот.

Намалување брзина: Полека поместувајте ја контролната рачка кон центарот.

Сопирање: Вратете ја контролната рачка на средина или отпуштете го прекинувачот за вклучување на функцијата.

Користете ги обоените стрелки за насока на контролите на платформата и на платформата за да ја одредите насоката во којашто ќе се движи машината.

Брзината на движење на машината е ограничена кога е кренатa платформата.

Состојбата на акумулаторот влијае врз перформансите на машината. Брзината на возење на машината и брзината на функциите ќе опаднат кога трепка индикаторот за нивото на акумулаторот.

Упатства за ракување

За да изберете брзина на возење

Контролите за возење можат да работат во два режима за брзина на возење кога машината е во складишна положба. Кога свети светлото на брзината на возењето, активен е режимот бавно возење. Кога не свети светлото на брзината на возењето, активен е режимот брзо возење.

Притиснете го копчето за брзина на возењето за да ја изберете саканата брзина.



Напомена: Кога платформата е крената, светлото на копчето за брзина на возењето секогаш свети, што укажува на брзина на возењето при подигнатост.

⚠ Возење по стрмнина

Одредете ги дозволените стрмна и странична наваленост на машината и одредете го степенот на стрмнината.



Максимална дозволена стрмна наваленост, складишна положба:	30% (17°)



Максимална дозволена странична наваленост, складишна положба:	30% (17°)

Напомена: Дозволената стрмна наваленост зависи од условите на тлото и припиеноста.

Притиснете го копчето за брзина на возењето во режим за брзо возење.

За да се одреди стрмнината:

Измерете ја стрмнината со дигитален инклиномер ИЛИ постапете на следниов начин.

Ќе ви треба:

- либела,
- право парче дрво долго најмалку 1 m,
- мерна лента.

Положете го парчето дрво на стрмнината.

На долниот крај, положете ја либелата на горниот раб на парчето дрво и кревајте го крајот додека дрвото не биде рамно.

Додека го држите парчето дрво рамно, измерете го вертикалното растојание од долниот дел на парчето дрво до тлото.

Поделете го измереното растојание (издигнатост) со должината на парчето дрво (должина) и помножете со 100.

Пример:



Парче дрво = 3,6 m

Должина = 3,6 m

Издигнатост = 0,3 m


0,3 m ÷ 3,6 m = 0,083 x 100 = Стрмнина од 8,3%

Ако стрмнината ја надминува дозволената нагорна, надолна или странична наваленост, машината треба да се извлече со чекрек или да се превезе нагоре или надолу по стрмнината. Видете во делот Превоз и Кревање.


Упатства за ракување

Оперативни показни шифри

Ако дијагностичкиот LED-екран на контролите на платформата или LCD-екран на контролите на тлото прикаже оперативна показна шифра како LL, дефектната состојба треба да се поправи или отстрани пред да продолжи работата на машината. Притиснете го, па извлечете го црвеното копче за итно сопирање за да го ресетирате системот.



LED-екран



LCD-екран

Оперативни показни шифри	
Шифра	**Состојба**
LL	Пренаваленост
OL	Платформата е претоварена
CH	Работа во режимот шасија
PHS	Штитник од дупки е заглавен
nd	Нема возење (опција)

За повеќе информации видете во соодветниот сервисен прирачник на Genie. Шифра и опис на шифрата може да се види и на LCD-екранот на контролитена тлото.

За да ја извлечете и вовлечете платформата

1 Притиснете ја и држете ја рачката за отпуштање на извлекувањето.

2 Фатете ја заштитната ограда внимателно и турнете за да се извлече платформата додека да се блокира.

Ракување од тлото со контролите на платформата

Одржувајте безбедно растојание меѓу операторот, машината и фиксните предмети.

Внимавајте на насоката во којашто се движи машината кога ги користите контролите на платформата.

Упатства за ракување

Показател на нивото на акумулаторот

Користете го дијагностичкиот LED-екран за да го одредите нивото на акумулаторот.

Напомена: Кога на LED-екранот на контролите на платформата ќе се појави шифра LO што трепка, машината треба да се отстрани од работа и да се наполни, инаку сите функции на машината ќе бидат исклучени.




Целосна наполнетост



Половина наполнетост



Слаба наполнетост



LO трепка

По секоја употреба

1 Изберете безбедно место за паркирање — цврста рамна површина без пречки и сообраќај.

2 Спуштете ја платформата.

3 Свртете го прекинувачот со клуч во положбата „исклучено“ и извадете го клучот за да спречите неовластена употреба.

4 Наполнете ги акумулаторите.

Упатства за ракување



Упатства за акумулаторот и полначот

Имајте предвид и почитувајте:

☑ Не користете надворешен полнач или помошен акумулатор.

☑ Полнете го акумулаторот во добро проветрено подрачје.

☑ Користите правилен наизменичен напон за полнење, како што е наведено на полначот.

☑ Користете само акумулатори и полначи одобрени од Genie.

За да го смените акумулаторот

1 Проверете дали акумулаторите се поврзани пред да ги полните.

2 Отворете ја преградата за акумулаторите. Преградата треба да остане отворена цело време при полнењето.

3 Потпрете го капакот на шасијата.

4 Спуштете ја платформата додека столбот не дојде во допир со капакот на акумулаторот.

⚠ Опасност од згмечување. Држете ги рацете подалеку од капакот на акумулаторот кога ја спуштате платформата.

5 Свртете го прекинувачот со клуч во положба „исклучено“.

6 Проверете дали поврзувањето на каблите на акумулаторот се цврсти и без корозија.

Акумулатори без одржување

1 Поврзете го полначот на акумулаторот со заземјен приклучок за наизменична струја.

2 Полначот ќе покаже кога акумулаторот е сосема наполнет.

Стандардни акумулатори

1 Извадете ги капачињата за воздух на акумулаторот и проверете го нивото на киселината во него. Ако е потребно, додајте дестилирана вода само колку да се покријат плочите. Не преполнувајте пред циклусот за полнење.

2 Вратете ги капачињата за воздух.

3 Поврзете го полначот на акумулаторот со заземјен приклучок за наизменична струја.

4 Полначот ќе покаже кога акумулаторот е сосема наполнет.

5 Проверете го нивото на киселината кога ќе заврши полнењето. Дополнете со дестилирана вода низ цевката за полнење. Не преполнувајте.

Упатства за ракување

Упатства за дополнување и полнење на сувите акумулатори

1 Извадете ги капачињата за воздух и отстранете ги пластичните заптивки од отворите за воздух на акумулаторот.

2 Наполнете ја секоја ќелија со акумулаторска киселина (електролит) до ниво доволно да ги покрие плочите.

Не полнете до максималното ниво додека не заврши полнењето на акумулаторот. Ако преполните, киселината може да претече за време на полнењето. Неутрализирајте ја истурената киселина со сода бикарбона и вода.

3 Ставете ги капачињата за воздух.

4 Полнете го акумулаторот.

5 Проверете го нивото на киселината кога ќе заврши полнењето. Дополнете со дестилирана вода низ цевката за полнење. Не преполнувајте.

Упатства за превоз и кревање



Имајте предвид и почитувајте:

☑ Genie ги дава информациите за прицврстување како препорака. Возачите се одговорни за правилно прицврстување на машините и за бирање правилна приколка согласно прописите на Министерството за транспорт на САД, други локални прописи и политиката на компанијата.

☑ Клиентите на Genie на коишто им треба да стават лифт или друг производ на Genie во контејнер треба да побараат квалификуван превозник што е стручен за подготвување, товарење и прицврстување градежна и опрема за кревање за меѓународен превоз.

☑ Само квалификувани оператори на лифтови треба да ја движат машината на или од камион.

☑ Превозното возило треба да е паркирано на рамна површина.

☑ Превозното возило треба да е прицврстено за да се спречи тркалање додека се товари машината.

☑ Внимавајте капацитетот на возилото, површините за товарење и синџирите или лентите да се доволни за да ја издржат тежината на машината. Лифтовите Genie се многу тешки во однос на големината. Видете на налепницата со податоци за тежината на машината. Видете во делот Проверки каде се наоѓа налепницата со податоци.

☑ Машината мора да биде на рамна површина или прицврстена пред да се отпуштат сопирачките.

☑ Не возете ја машината по стрмнина што ја надминува нагорната, надолната или страничната наваленост. Видете „Возење по стрмнина“ во делот Упатства за ракување.

☑ Ако стрмнината на подлогата на превозното возило ја надминува максималната дозволена нагорна или надолна наваленост, машината треба да се товари и растовара со чекрек, како што е опишано во ракувањето со отпушање на сопирачките. Видете во делот Спецификации за дозволените навалености.

Упатства за превоз и кревање

Ракување со отпуштање на сопирачките

1 Ставете клинови под тркалата за да спречите тркалање на машината.



2 Внимавајте кабелот на чекрекот да е правилно прицврстен за точките за врзување на шасијата за возење и патеката да е без пречки.

3 Притиснете го црното копче за отпуштање на сопирачките за да го отворите вентилот на сопирачките.



4 Пумпајте го црвеното копче за пумпање за отпуштање на сопирачките.

Откако ќе се натовари машината:

1 Извлечете го црвеното копче за итно сопирање и на контролите на тлото и на контролите на платформата во положба „вклучено“ и свртете го прекинувачот со клуч во положба „платформа“.

2 Притиснете го копчето за функцијата возење (ако има).



3 Притиснете го и држете го прекинувачот за вклучување на функцијата на контролната рачка. Поместете ја контролната рачка од центарот и веднаш отпуштете го за да се ресетираат сопирачките.

4 Притиснете ги црвените копчиња за итно сопирање на контролите на тлото и на платформата во положба „исклучено“.

Не се препорачува влечење на GRC-12. Ако машината мора да се влече, не одете побрзо од 3,2 km/h.

Упатства за превоз и кревање

Врзување за камион или приколка за превоз

Секогаш користете го блокирањето со испустот кога се превезува машината.

Свртете го прекинувачот со клуч во положбата „исклучено“ и извадете го клучот пред превозот.


Проверете ја целата машина да нема лабави или неприцврстени предмети.


Користете ги точките за врзување на шасијата за закотвување на превозната површина.

Користете синџири или ленти со доволен капацитет за оптоварување.

Користете најмалку 4 синџири или ленти.

Приспособете ја заврзаноста за да не дојде до оштетување на синџирите.





Упатства за превоз и кревање

Имајте предвид и почитувајте:

☑ Само квалификувани лица смеат да ја заврзуваат и креваат машината.

☑ Внимавајте капацитетот на кранот, површините за товарење и лентите или јажињата да се доволни за да ја издржат тежината на машината. Видете на налепницата со податоци за тежината на машината.


Товарење на машината со кран

Користете ја алката за кревање од задната страна на столбот.

Внимавајте столбот да е целосно спуштен.

Проверете ја целата машина и отстранете ги лабавите или неприцврстените предмети.

Секогаш ставајте ја куката за кревање низ алката за кревање така што е свртена од машината.




Упатства за превоз и кревање

Кревање на машината со вилушкар

Проверете дали испустот, контролите и фиоките за компонентите се прицврстени. Отстранете ги сите лабави предмети од машината.

Спуштете ја платформата целосно. Платформата треба да остане спуштена за време на сите постапки за товарење и превоз.

Користете ги отворите за вилушкар од двете страни на шасијата, под капаците.



Поставете ги вилушките на место во отворите за вилушкар.

Пикнете ги вилушките целосно.

Кренете ја машината 15 cm, а потоа навалете ги вилушките малку назад за да ја прицврстите машината.

Внимавајте машината да е рамна кога ги спуштате вилушките.

НАПОМЕНА Кревањето на машината отстрана може да оштети компоненти.

Одржување



Имајте предвид и почитувајте:

☑ Операторот смее да ги врши само рутинските одржувања наведени во прирачников.

☑ Распоредените проверки за одржување ги вршат квалификувани сервисери согласно со спецификациите на производителот и барањата наведени во прирачникот за одговорности.

☑ Фрлајте ги материјалите согласно законските прописи.

☑ Користете само резервни делови одобрени од Genie.

Легенда на симболите за одржување

Следниве симболи се користат во прирачников како помош да се објасни намената на упатствата. Кога на почетокот на некоја постапка за одржување се појавуваат еден или повеќе од симболите, тоа значи следново.



Укажува дека ќе бидат потребни алати за да се изврши постапката.



Укажува дека ќе бидат потребни нови делови за да се изврши постапката.

Проверете го нивото на хидрауличното масло



Одржувањето правилно ниво на хидрауличното масло е многу важно за работата на машината. Неправилни нивоа на хидрауличното масло можат да ги оштетат хидрауличните компоненти. Секојдневните проверки овозможуваат да се откријат промени во нивото на маслото што може да укажуваат на проблеми кај хидрауличните системи.

Напомена: Вршете ја постапкава со платформата во складишна положба.

1 Визуелно проверете го нивото на маслото во резервоарот за хидраулично масло.

⊙ Резултат: нивото на течноста треба да биде како што е означено на резервоарот.

2 Додајте масло по потреба. Не преполнувајте.

Спецификации на хидрауличното масло	
Тип хидраулично масло	Chevron Rando HD или слично

Одржување

Проверете ги акумулаторите



Добрата состојба на акумулаторот е многу важна за добри перформанси на машината и за безбедност при ракувањето. Неправилни нивоа на течноста или оштетени кабли и поврзувања можат да доведат до оштетување на компонентите и опасни ситуации.

Напомена: Постапкава не мора да се врши кај машини со запечатени или акумулатори без одржување.

⚠ Опасност од струен удар. Допирањето жешки или кола под напон може да предизвика смрт или тешки повреди. Извадете ги сите прстени, часовници и друг накит.

⚠ Опасност од телесна повреда. Акумулаторите содржат киселина. Избегнувајте истурање или контакт со киселината од акумулаторите. Неутрализирајте ја истурената киселина со сода бикарбона и вода.

Напомена: Извршете го ова испитување по целосно полнење на акумулаторите.

1 Облечете заштитна облека и заштита за очите.

2 Проверете дали поврзувањето на каблите на акумулаторот се цврсти и без корозија.

3 Проверете дали држачите на акумулаторот се на место и прицврстени.

Напомена: Додавањето штитници на терминалите и средство за спречување корозија помага да се елиминира корозијата на терминалите и каблите на акумулаторот.

Распоредено одржување

Одржувањето што се извршува на три месеци, на една година и на две години треба да го прави обучено и квалификувано лице за одржување на машината согласно постапките што се наоѓаат во сервисниот прирачник на машината.

Машините што не се користеле подолго од три месеци треба да ја поминат проверката на три месеци пред да се вратат на работа.

Спецификации

GRC-12	
Висина, работен максимум	5.5 m
Висина, максимум на платформата	3.7 m
Висина, складишно, максимум	169.5 cm
Висина, максимална за складиштење, стандардна платформа со фиока на работната станица	169.5 cm
Ширина	80 cm
Должина, складишно	137.2 cm
Стандардна платформа со извлечен испуст	140 x 74,9 cm
Стандардна платформа со вовлечен испуст	99 x 74,9 cm
Максимален капацитет, стандардна платформа	227 kg
Максимален капацитет, испуст	113 kg
Радиус на вртење (внатрешен)	0 cm
Радиус на вртење (надворешен)	134.6 cm
Отстојание од тлото	6.4 cm
Тежина	948 kg
(Тежината на машината зависи од конфигурацијата на опциите. Видете на налепницата со податоци за тежината на машината.)	
Извор на енергија	4 акумулатори 6V 225AH
Приклучок за наизменична струја на платформата	Стандардно
Максимален хидрауличен притисок (функции)	207 bar
Големина на гумите	25,4 x 7,6 x 2,5 cm

Нивоа на бучава	
Ниво на притисокот на звукот на работна станица на тлото	<70 dBA
Ниво на притисокот на звукот на работна станица на платформата	<70 dBA
Вкупната вредност на вибрациите на коишто се подложени рацете не надминува 2,5 m/s^2.	
Највисоката вредност на квадратниот просек на измереното забрзување на кое е изложено целото тело не надминува 0,5 m/s^2.	
Максимална дозволена стрмна наваленост, складишна положба	30% (17°)
Максимална дозволена странична наваленост, складишна положба	30% (17°)
Напомена: Дозволената стрмна наваленост зависи од условите на тлото и припиеноста.	

Брзини на возење	
Складишно, максимум	4,0 km/h 12,2 m / 10,9 sec
Крената платформа, максимум	0.8 km/h 12,2 m / 55 sec

Информации за оптовареноста на подот	
Максимална оптовареност на гумите	381 kg
Притисок на контакт на гумите	9,09 kg / cm^2 891,01 kPa
Притисок на зафатен под	880,15 kg / m^2 8,63 kPa

Напомена: Информациите за оптовареноста на подот се приближни и не ги вклучуваат различните опционални конфигурации. Треба да се користат само со соодветни безбедносни фактори.

Genie има политика на постојано подобрување на производите. Спецификациите на производите се подложни на промени без известување или обврски.

www.genielift.com

Дистрибуира: